| 403 ОСТАНАТИ ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА | 0 | 0 | 42,862 | 34,438 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 42,862 | 34,438 | 8,424 |
| 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 0 | 6.927.439 | 6.925.354 | 9.056.000 | 7.321.962 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.983.439 | 14.247.316 | 1.736.123 |
| 420 ПАТНИ И ДНЕВНИ ТРОШОЦИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 321 | 235,51 | 0 | 0 | 0 | 0 | 321 | 235,51 | 85,49 |
| 421 КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 0 | 0 | 6.758.129 | 6.758.120 | 2.931.000 | 2.080.009 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.689.129 | 8.838.129 | 851 |
| 423 СИТЕН ИНВЕНТАР,АЛАТ И ДРУГ МАТЕРИЈАЛ ЗА ПОПРАВКА | 0 | 0 | 55,31 | 55,31 | 2.095.000 | 1.799.038 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.150.310 | 1.854.348 | 295,962 |
| 424 МАТЕРИЈАЛИ | 0 | 0 | 70 | 67,924 | 1.539.000 | 1.301.665 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.609.000 | 1.369.589 | 239,411 |
| 425 Договорни услуги | 0 | 0 | 14 | 14 | 1.380.000 | 1.250.567 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.394.000 | 1.264.567 | 129,433 |
| 426 Други тековни расходи | 0 | 0 | 30 | 30 | 790 | 655,173 | 0 | 0 | 0 | 0 | 820 | 685,173 | 134,827 |
| КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.595.000 | 361,527 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.595.000 | 361,527 | 1.233.473 |
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.595.000 | 361,527 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.595.000 | 361,527 | 1.233.473 |
| 483 Купување на мебел, опрема, возила и машини | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.595.000 | 361,527 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.595.000 | 361,527 | 1.233.473 |

| ПРОГРАМА | Буџет | | Наменски дотации | | Самофинансирачки активности | | Донации | | Кредити | | Вкупно | | Останува за реализациј а |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализациј а | План | Реализациј а | План | Реализациј а | План | Реализациј а | План | Реализациј а | План | Реализациј а | |
| **Н3 - Н3.Превоз на ученици од основно образование** | | | | | | | | | | | | | |
| ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА | 0 | 0 | 1.364.676 | 1.233.063 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.364.676 | 1.233.063 | 131,613 |
| 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 0 | 1.364.676 | 1.233.063 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.364.676 | 1.233.063 | 131,613 |
| 425 Договорни услуги | 0 | 0 | 1.364.676 | 1.233.063 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.364.676 | 1.233.063 | 131,613 |

| ПРОГРАМА | Буџет | | Наменски дотации | | Самофинансирачки активности | | Донации | | Кредити | | Вкупно | | Останува за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | |
| **Њ0 - Њ0. Противпожарна заштита** | | | | | | | | | | | | | |
| ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА | 0 | 0 | 5.347.800 | 5.293.839 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.347.800 | 5.293.839 | 53,961 |
| 40 ПЛАТИ,НАЕМНИЦИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | 0 | 0 | 5.347.800 | 5.293.839 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.347.800 | 5.293.839 | 53,961 |
| 401 ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАЕМНИНИ | 0 | 0 | 3.510.100 | 3.481.794 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.510.100 | 3.481.794 | 28,306 |
| 402 ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК | 0 | 0 | 1.827.970 | 1.803.078 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.827.970 | 1.803.078 | 24,892 |
| 403 ОСТАНАТИ ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА | 0 | 0 | 9,73 | 8,967 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9,73 | 8,967 | 763 |

| ПРОГРАМА | Буџет | | Наменски дотации | | Самофинансирачки активности | | Донации | | Кредити | | Вкупно | | Останува за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | |
| **Ф1 - Ф1.Урбанистичко планирање** | | | | | | | | | | | | | |
| ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА | 2.700.000 | 2.219.543 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.700.000 | 2.219.543 | 480,457 |
| 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 2.700.000 | 2.219.543 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.700.000 | 2.219.543 | 480,457 |
| 425 Договорни услуги | 2.700.000 | 2.219.543 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.700.000 | 2.219.543 | 480,457 |

| ПРОГРАМА | Буџет | | Наменски дотации | | Самофинансирачки активности | | Донации | | Кредити | | Вкупно | | Останува за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | |
| **Ф2 - Ф2. Уредување на градежно земјиште** | | | | | | | | | | | | | |
| КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА | 6.500.000 | 6.093.532 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.500.000 | 6.093.532 | 406,468 |
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 6.500.000 | 6.093.532 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.500.000 | 6.093.532 | 406,468 |
| 482 Други градежни објекти | 6.500.000 | 6.093.532 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.500.000 | 6.093.532 | 406,468 |

Член 4

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општината Штип за 2007 година се прикажуваат расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

Член 5

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општината Штип за 2007 година се објавува во Службениот гласник на Општината Штип.

Број 0701-735/1
14 март 2008 година
Штип

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

58.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА 2007 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на Општината Штип за 2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-736/2
21 март 2008 година
Штип

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

59.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 14 март 2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ
НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА 2007 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишниот извештај на Општината Штип за 2007 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-736/1
14 март 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

60.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА
ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН
ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ХИВ СИДА КАЈ МЛАДИ
ПОД НАЈГОЛЕМ РИЗИК ВО ГРАДОТ ШТИП
ЗА 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Локален акционен план за превенција на ХИВ/СИДА кај младите под најголем ризик во градот Штип за 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-737/2
21 март 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

61.

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 15 точка 9 и член 21 точка 11 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број

01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 14 март 2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН
ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ХИВ СИДА КАЈ МЛАДИ
ПОД НАЈГОЛЕМ РИЗИК ВО ГРАДОТ ШТИП
ЗА 2008 ГОДИНА

I

Се донесува Локален акционен план за превенција на ХИВ/СИДА кај младите под најголем ризик во градот Штип за 2008 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-737/1
14 март 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

62.

**ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА 2008 година**
**за превенција на ХИВ/СИДА кај младите**
**под најголем ризик во град Штип**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. **ВОВЕД**
2. **РАЗВОЕН ПРОЦЕС И УЧЕСТВО**
3. **ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА 2008**
   **1.1 КУС ОПИС НА ЛОКАЛНОТО ПРАШАЊЕ**
   **1.2 ЦЕЛ**
   **1.3 НАЧЕЛА**
   **1.4 ПРИОРИТЕТИ**
   **1.5 МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА**

## 1. ВОВЕД

Главната цел на Планот за имплементација 2008 е да се одржи малиот број на ХИВ/СИДА случаи преку организирање на превентивни активности како и конкретни сервиси со кои ќе се намали ризикот од ХИВ/СИДА кај младите во градот Штип. Секако, предвидените активности специфично се однесуваат на оние млади кои со своите животни стилови се изложени на највисок ризик.

Со остварувањето на овој план се постигнува една друга цел, а тоа поттикнување, вклучување и градење на капацитети на сите релевантни фактори од градот во заедничка координирана акција во одржување на ниската стапка на ХИВ.
Предвидените активности се осмислени со вклученост на локалната самоуправа, локалните институции, невладиниот сектор, религиозните организации и граѓаните. Работната група, составена од претставници од сите апсекти на локалниот живот, а раководена од локалната самоуправа, го осмисли овој план за имплементација во периодот септевмри-октомври 2007 година. Работната група како Координативно тело ќе биде одговорна за негово остварување.

## 2. РАЗВОЕН ПРОЦЕС И УЧЕСТВО

Иницијативата за изработка на планот за имплементација произлезе од проектот „Мобилизација на локалните заедници за превенција на ХИВ/СИДА меѓу младите изложени на најголем ризик" остварен во соработка на УНИЦЕФ-Канцеларија Скопје и Х.О.П.С.- Опции за здрав живот Скопје. Со проектот, покрај Скопје, беа опфатени шест градови во Македонија и тоа Штип, Куманово, Тетово, Гостивар, Прилеп и Битола. Соодветно, на самиот почеток за учество беа поканети претставници од локалната самоуправа, локалните единици на јавните институциии, граѓани, млади. Првенствено беа одржани работилници на кои локалните претставници ги истакнаа проблемите со кои се соочува зедницата. Потоа беше одржан тренинг со интернационален консултант за градење на капацитети на локалните заедници во изготовка на планови за имплементација. Следеа неколкудневни работни средби, во секој град, со формираната Работна група кои беа потпомогнати од локален консултант. Изготвениот план за имплементација е презентиран пред пошироката јавност на јавна дебата, како и пред соодветните комисии на општината (Комисија за еднакви можности, Комисија за општествени дејности и Комисија за ментално здравје) при што сите забелешки се земени во обзир при изработката на финалната верзија. Планот за имплементација на активности за превенција на ХИВ/СИДА кај млади изложени на најголем ризик ќе биде предложен на усвојување од страна на Советот на општина Штип.

Во изработката на Планот, односно во Работната група учествуваа:

- **Марина Јовановиќ**
  Локална самоуправа
- **Весна Стаменова**
  Локална самоуправа
- **Данче Николовска**
  Совет на општина Штип
- **Драган Торов**
  Совет на општина Штип
- **Мери Лазарова**
  Центар за социјална работа
- **Денис Ампев**
  Младински клуб
- **Миланчо Смилев**
  Младински клуб
- **Викторија Папарова**
  Младински клуб
- **Мане Ангеловски**
  Младински клуб
- **Митко Ефтимов**
  СВР
- **Димче Томиќ**
  СВР
- **Ацо Стаменков**
  СОУ „Јане Сандански"
- **Николче Ѓорѓев**
  МПЦ Брегалничка епархија
- **Мери Илиева,** Служба за превенција и третман на злоупотреба на droги
- **Весна Крстева**
  Канал 77
- **Татјана Кокотова**
  Гимназија „Славчо Стојменски"
- **Жаклина Антова**
  СОУ „Коле Нехтенин"
- **Славица Глигорова**
  СОУ „Коле Нехтенин"

- **Моника Спасова**
- **Панче Тасков**
  ПММ Скопје
- **Драган Манев**
  Евангелистичка црква
- **Зоран Живков**
  Завод за здравствена заштита
- **Александра Србиновска**
  Завод за здравствена заштита
- **Никола Стојанов**
  ТВ ИРИС
- **Александра Ристевска**
  ТВ ИРИС
- **Драшко Костовски**
  Консултант, Х.Е.Р.А.- Скопје
- **М-р Силвана Ончева**
  координатор на проектот

Обврските на Работната група беа:

1. да ги идентификува постоечките активности и недостатоци во полето на превенција од ХИВ/СИДА
2. да ги дефинира приоритетите на Планот за имплеметнација
3. да ги осмисли целите и активностите на Планот за имплеметнација

## 3. ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА 2008

## 1.1 КУС ОПИС НА ЛОКАЛНОТО ПРАШАЊЕ

**Демографски податоци**

Според податоците од Пописот на население, домаќинствата и становите во Р.М. 2002 год. во Штип живеат 47 976 жители.

Истиот извор ги посочува и следниве информации:

**Старосна структура на населението**

| **Возраст** | **Вкупно** | | **Жени** | | **Мажи** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| **0-14 год.** | 8600 | 17.99 | 4211 | 17.64 | 4389 | 18.35 |
| **15-64год.** | 34438 | 72.05 | 17036 | 71.35 | 17402 | 72.75 |
| **65 и пов.** | 4753 | 9,94 | 2625 | 10.99 | 2128 | 8.9 |
| **непознато** | 5 | 0.01 | 1 | 0 | 4 | 0.02 |
| **вкупно** | 47796 | 100 | 23876 | 100 | 23920 | 100 |

**Општ приказ на вработеност и невработеност во однос на републичкиот просек**

| **Регион** | **Население** | **Работна сила** | **Вработени** | **Невработени** | **Стапка на невработеност** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Македонија** | 2022547 | 860976 | 545108 | 315868 | 36.7 |
| **Штип** | 47796 | 25938 | 16545 | 9393 | 36.2 |

Извор: Подрачна единица на Агенција за вработување-Штип ДЗС јануари 2005 година.

**Запишани ученици УЧЕБНА 2007/2008**

Според прегледот на запишани ученици во наставната 2007 година и тоа во завршното одделение на осмолетките и во средните училишта, можеме да посочиме дека во Штип на живеат околу 4000 млади на возраст 13-18 години.

**Здравствени сервиси**

Во Република Македонија досега превентивните и сервисните активности за ХИВ/СИДА се осмислуваа и се изведуваа на централизиран начин преку локалните претставништва на превентивените програми на здравствениот систем, епидемиолошките служби, односно локалните Заводи за здравствена заштита, како и преку програмата на Глобалниот фонд за ХИВ/СИДА, маларија и туберкулоза раководена од Министерството за здравство и спореведна од различни локални организации.

Ситуационата анализа спороведена преку прашалници и дискусии покажа дека на ниво на општина Штип досега не е спроведена координирана програма во однос на превенција на ХИВ/СИДА. Сепак, анализата даде корисни податоци според кои во градот, благодарејќи на националните програми, постојат одредени, но издвоени активности и сервиси. Конкретно тоа се Советувалиштето за доброволно и доверливо советување и тестирање за ХИВ/СИДА при ЗЗЗ Штип, Службата за превенција и третман на злоупотреба на droги, Центарот за намалување на штети при Младинскиот клуб Штип, како и Центарот за социјална работа. Затоа потенцираме дека успешната пракса на овие сервиси е вклучена како составен дел на Планот за имплементација за 2008 година, со посебен акцент на унапредување на нивната заемна соработка.

Исто така, беше заклучено дека досега не се спроведни истражувања на локално ниво кои би дале податоци поврзани со оваа проблематика, односно податоци за однесувањето на младите, нивното сексуално и репродуктивно здравје или користењето на дрога.

Претставниците посочија дека освен одредени активности поврзани со одбележувањето на Светскиот ден за борба против ХИВ/СИДА во градот не била организирана сеопфатна информативно превентивна кампања.

Како недостаток беше наведена и потребата од континуирана едукација и информирање не само на јавноста, со посебен акцент на родителите, туку и на стручниот кадар од релевантните институции.

Наспроти овие недостастатоци, покрај постоечките сервиси, беа забележани и одредени поволности. Локалната самоуправа работи на одредени тековните програми и акциони планови, од кои некои се усвоени, а некои се во процедура, а се однесуваат на социјалната заштита, здравството и младите. Беше потенцирана отовореноста на општината и на медиумите за соработка во однос на оваа проблематика. Активната вклученост на НВО секторот и религиозните заедници претставува клучен фактор во остварување на предвидениот план.

### 1.2 ЦЕЛ

Да се одржи нискиот број на ХИВ/СИДА случаи во општина Штип преку координирана активност на сите релеванти фактори.

### 1.3 НАЧЕЛА

Планот за имплементација за заснова на следниве принципи:

- Комплементарност
- Интерсекторски пристап
- Транспарентност

Исто така, од постоечките документи, Планот за имплементација е во согласност со Националната стратегија за ХИВ/СИДА на Република Македонија 2007/2011, како и на програмите и плановите за имплементација за социјална заштита, превенција од

droги и за здравствена заштита усвоени или во процес на усвојување од страна на Советот на општина Штип.

## 1.4 ПРИОРИТЕТИ

| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 1**<br>**Институции** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се унапреди и да се координира пристапот кон проблемот од страна на сите релевантни институции во општина Штип | | | | | |
| **Очекуван исход** | **Активност** | **Очекуван резултат** | **Показател** | **Одговорност** | **Време (месец)** |
| Унапреден пристап кон проблемот од страна на сите релевантни институции во опш. Штип | 1.1 Формирање на координативно тело | Оформено координативно тело од преставници на сите засегнати страни од општина Штип | -Број на средби<br>-Утврдени обврски и протокол за работа на координативното тело<br>-Извештаи од средбите на КТ | 1.Оптшина Штип<br>2.ЗЗЗ<br>3. НВО<br>4.СВР<br>5. ЦСР<br>6. Службата за превенција и третман на злоупотреба на дроги<br>7.Училишта<br>8.Религиозни заедници | 1-12 |
| | 1.2 Истражување | Изготвен извештај од спроведеното изтражување | Изведено истражување со % вклученост на млади | 1.ЗЗЗ<br>2.Координативно тело | 1-3 |
| | 1.3 Обука на локалните власти, полицијата, здравствените и социјалните работници, родителите и медиумите | Осмислена и изведена програма за едукативни работилници | -% на едуцирани<br>-Извештај од пред и пост тестирање | 1.НВО и ЗЗЗ<br>2. Координативно тело | 3-6 |

| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 2**<br>**Здравствени сервиси** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се унапредат локалните сервисите | | | | | |
| **Очекуван исход** | **Активност** | **Очекуван резултат** | **Показател** | **Одговорност** | **Време (месец)** |
| Зголемен број на лесно достапни и дов. сервиси | 2.1 Координирање на работата на постоечките и новоотворените локални сервиси | Унапредена соработка | -утврден протокол за препраќање на клиенти<br>-извештај од дата база | 1.Координативно тело | 1-12 |
| | 2.2 Отворање на | Функционлана | број на | 1. НВО | 3-12 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | бесплатна СОС линија за инфо за ХИВ/СИДА, СРЗ и КД | СОС линија | јавувања | 2. Координативно тело<br>3. Службата за превенција и третман на злоупотреба на дроги | |
| | 2.3. Развивање на теренски сервиси за ДДТС | Сервис за теренско ДДТС активен | број на лица советувани и тестирани на терен | 1.НВО<br>2.ЗЗЗ<br>3. Координативно тело | 3-12 |
| | 2.4 Развивање на теренски сервиси за социјална поддршка на тешко достапни групи СР, МСМ ИКД | Сервис за социјална поддршка активен | -број на клиенти<br>-број на клиенти | 1.НВО<br>2.ЦСР<br>3. Координативно тело<br>4. Службата за превенција и третман на злоупотреба на дроги | 3-12 |
| | 2.5 Младински центар-Советувалиште | Младинскиот центар Советувалише активен | -изготвена програма<br>-број на советувања, број на клинети<br>-извештај од дата база | 1.ЦСР<br>2.НВО<br>3.ЗЗЗ<br>4. Координативно тело<br>5. Службата за превенција и третман на злоупотреба на дроги | 3-12 |

| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 3**<br><br>**Информираност** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се зголеми информираноста во однос на ХИВ/СИДА, СРЗ и КД кај општата популација со посебен акцент на младите | | | | | |
| Намалу-вање на ризик од ХИВ инфек-ции во Штип | 3.1 Развивање на програма за врсничка едукација за ХИВ/СИДА, СРЗ и КД | Организирани и извдени тренинзи за врсничка едукација, во средните и основните училишта | -број врснички тренери за млади<br>-број на врснички тренери родители<br>-број на едуцирани млади<br>-број на едуцирани родители | 1.НВО<br>2.Училишта<br>3.РЗЗ<br>4. Координативно тело | 1-12 |
| | 3.2 Изработка и дистрибуција на едукативен материјал | Брошура и флаер осмислени и испечатени | -план за дис-трибуција<br>-бр.на мате-ријали дист-рибуирани | 1.НВО<br>2.РЗЗ<br>3. Координативно тело | 3-12 |
| | 3.3 Превентивна кампања | Осмислена и изведена превентивна кампања | -број на настани<br>-број на медиумски | 1.Општина<br>2.НВО<br>3.Училишта<br>4. Координативно тело | 6-12 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | објави<br>-број на млади опфатени<br>- анализа за ефектот во однос на промена на ставови | | |
| | 3.4 Дистрибу-ција на кондоми[1] | Спроведена дистрибуција на кондоми | -план за дистрибуција<br>-бр на кон-доми дистри-буирани<br>-ефект во однос на промена на ставови | 1.НВО<br>2. Координативно тело | 1-12 |
| | 3.5 Медиумска кампања за намалување на дискриминацијата во однос на маргинализираните групи | Осмислена и изведена кампања | -број на медиумски објави<br>-број на млади опфатени<br>-анализа за ефектот во однос на промена на ставови | 1.Општина<br>2.СВР<br>2.НВО<br>3.Училишта<br>4. Координативно тело<br>5. Службата за превенција и третман на злоупотреба на droги | |

| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 4**<br>**Средина** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се унапредат мерките за отстранување на медицинскиот материјал | | | | | |
| **Очекуван исход** | **Активност** | **Очекуван резултат** | **Показател** | **Одговорност** | |
| Медицин-скиот мате-ријал не предизвикува опасност по здрав-јето на на-селението | 4.1 Анализа за најсоодветен начин за от-странување на медиц. отпад | Изготвена анализа и препораки | | Координативно тело | 1-3 |
| | 4.2 Превзе-мени актив-ности за на-бавка на опрема за отстранување на отпадот соодветно на препораките од анализата | Отпадот безбедно се отстранува | -утврден протокол<br>-набавена соодветна опрема(транспортни средства и печка)<br>-извештај од спроведените инспекции | 1.општина<br>2.координативно тело | 4-12 |
| | 4.3 Акции за размена на опрема за инјектирање и уништување на опрема | Спреведни активности за размена и уништување на опрема | број на дистрибуирана опрема и количина на искористена и уништена опрема | 1.НВО<br>2. Координативно тело | 1-12 |

[1] Евангелистичката црква не ја поддржува и не учествува во активноста 3.4

## 1.5 МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Планот за имплементација ќе вклучи висок степен на проверка на предвидените активности со цел да се утврди нивниот ефект и соодтвеност во однос на локалниот контекст. Резултатите од моноторингот и евалуацијата ќе претставуват единствена реална основа за креирање на Планот за имплементација за годините кои следат.

Координативното тело ќе биде одговорно за спроведување на процесот на мониторинг и евалуација кои ќе вклучи:

- посебна проверка на секоја активност предвидена во планот
- тримесечен извештај за развојот на активностите
- годишен извештај за бројот на ХИВ/СИДА случаи во Штип
- годишен извештај за имплементацијата на Планот
- надворешна евалуација и мониторинг

63.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ПРОДАВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА
ПАТНИЧКИ ВОЗИЛА ВО СОПСТВЕНОСТ НА
ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за продавање на основни средства патнички возила во сопственост на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-738/2 — Градоначалник
21 март 2008 година — на Општината Штип,
Ш т и п — Панде Сарев, с. р.

64.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07),

Советот на Општината Штип на седницата одржана на 14 март 2008 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ПРОДАВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА ПАТНИЧКИ ВОЗИЛА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Општината Штип е сопственик на патничко возило "Рено 19" ТС број на шасија ВФ 1Л53Ао511757452 и број на мотор До58599 и патничко возило застава "Југо 45" со рег. број Шт 159-ВА.

Член 2

Општината Штип ќе ги продаде патничките возила опишани во член 1 од Одлуката по пат на јавно огласување со јавно наддавање.

Член 3

Градоначалникот на Општината Штип ќе формира Комисија за спроведување на постапката за јавно наддавање.

Член 4

Почетната цена на патничкото возило"Рено 19" ТС ќе изнесува 74.000,00 денари.

Почетната цена на патничкото возило"Југо 45" ТС ќе изнесува 30.000,00 денари.

Член 5

По спроведеното јавно наддавање за продажаба на патничките возила со најповолниот понудувач ќе се склучи договор за купопродажба. Договорот за купопродажба ќе го потишат купувачот и градоначалникот на Општината Штип. Со договорот за купопродажба ќе се утврдат сите обврски на договорените страни.

Член 6

Купувачот на основното средство патничко возило постигнатата цена за возилото ќе ја уплати пред потпишувањето на договорот за купопродажба.

Трошоците за пренос на основното средство, нотарска заверка и друго ќе паднат на терет на купувачот.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Слжбен гласник на Општината Штип".

Број 0701-738/1
14 март 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

65.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА "БАБИ" УЕ 47 ОПШТИНА ШТИП**

I

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба "Баби" УЕ 47 - Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-739/2
21 март 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

66.

Врз основа на член 22 и член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" број 51/05) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 14 март 2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА "БАБИ" УЕ 47 ОПШТИНА ШТИП**

Член 1

Се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба "Баби" УЕ 47 - Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП "Штип-проект"-Штип со технички број 16/06.

Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручна ревизија
- стручно мислење
- одговор на стручно мислење

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-739/1
14 март 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

67.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-740/2
21 март 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

68.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 14 март 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Се доделуваат финансиски средства на:
1. Здружението на ромите "Черења" за одбележување денот на ромите "8-ми април" 2008 година - 20.000,00 денари.
2. Трајко Босеовски за печатење на книгата "Војсководачот" - 5.000 денари.
3. Цвета Спасикова за издавање на збирката за деца "Песна во гнездо" и драмата "Дренополскиот делија" - 5.000,00 денари.
4. Сојузот на борците - Општински одбор Штип за годишна седница - 5.000 денари.
5. НВО-ХМЗПЖ за одбележување "8-ми март" - Денот на жената - 6.000 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од Буџетот на Општината Штип за 2008 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 0701-740/1 | Претседател |
| 14 март 2008 година | на Советот на Општината Штип, |
| Ш т и п | Драги Илиев, с. р. |

69.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 31.12.2007 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП "Исар"-Штип за период 01.01. до 31.12.2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-741/2
21 март 2008 година
Штип

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

70.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локалнаа самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 14 март 2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО
НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА ПЕРИОД
ОД 01.01. ДО 31.12.2007 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работењето на ЈП "Исар"-Штип за период од 01.01. до 31.12.2007 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-741/1
14 март 2008 година
Штип

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

71.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА
УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ТЕКОВНОТО
РАБОТЕЊЕ НА ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП
ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2007 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за тековното работење на ЈП "Штип-проект"-Штип за период јануари-декември 2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-742/2
21 март 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

72.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локалнаа самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 14 март 2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2007 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за тековното работење на ЈП "Штип-проект"-Штип за период јануари-декември 2007 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-742/1
14 март 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

73.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за уредување на градежно земјиште за 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-743/2
21 март 2008 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

74.

Врз основа на член 43 член 45 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" број 53/01), врз основа на Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" број 80/01) и врз основа на член 21 точка 8 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 14 март 2007 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2008 ГОДИНА

### ВОВЕД

Оваа Програма претставува континуитет на превземените активности за уредувањето на градежното земјиште од предходните години и се базира на досегашното искуство во спроведувањето на урбанистичките планови и потребите за планско уредување на градот. Според тоа, реализацијата на урбанистичките планови исклучиво ќе се одвива согласно оваа програма.

Со Програмата особено се утврдуваат:

1. Локалитетите кои ќе се уредуваат во 2008 година;
2. Обем на работа на подготвување и расчистување на градежното земјиште.
3. Обемот на уредување и степенот на опремување на земјиштето со комунални објекти и инсталации;
4. Изворите на средства за финансирање на активностите околу уредувањето на градежното земјиште и изградбата на комунална инфраструктура;
5. Висината на надоместокот за доделување и уредување на градежното земјиште по зони;
6. Начин на пресметување на трошоци за уредување на градежното земјиште и висина на надомест;
7. Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти.

И покрај тоа што со оваа Програма се дефинирани обврските за уредување на градежното земјиште, истата е отворена за измени и дополнувања и во неа можат да бидат вградени и евентуални други задачи доколку има потреба и се создадат услови и финансиски средства за нивна ургентна реализација во текот на 2008 година.

Програмата е релативно обемна и сеопфатна со цел да се овозможи задоволувањето на потребите на градежната оператива, граѓаните и другите субјекти за изградба на деловни и стопански објекти, станбени згради и друго што од своја страна треба да го спречи незаконитото градење кое перманентно преставува проблем на градот.

## 1. ЛОКАЛИТЕТИ КОИ ЌЕ СЕ УРЕДУВААТ ВО 2008 ГОДИНА

Како градежно земјиште се смета изградeното и неизградeното земјиште на подрачјето на Општина Штип со населбите, како и подрачјето за станбена и друга изградба одредени со Генералниот урбанистички план на град Штип.

Во текот на 2008 година ќе се продолжи со уредување во следните населби: "Баби 5", "Баби 6", "Дузлак", дел од населба "Св. Недела", "Сењак", "Радански пат", "Блок 90", "8-ми Ноември", во стар дел на градот во постојното градско ткиво, индустриска зона "Каленица", населба "Балканска", населба "Железничка", станб. нас."Каваклија" и "Блок 2000", индустриска зона "Север" и индустриската зона ( кај Стококооп).

Исто така ќе се продолжи и со уредување на селските населби за кои има донесено урбанистички планови и тоа: "Чардаклија", Караорман", "Софилари", "Лакавица", "Лесковица", "Селце" и приградската населба "Три Чешми", во зависност од условите и можностите ќе се уредуваат само делумно.

Програмата ќе биде отворена и во неа ќе бидат вградени и други локации за кои ќе има потреба од нивна ургентна реализација. Пресметувањето на надоместокот за уредување ќе се врши спрема стварните трошоци.

## 2. ОБЕМ НА РАБОТА НА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Овде се опфатени сите активности поврзани со расчистување на предвидените локалитети во смисла на регулирање на имотно правните односи, (во колку се работи за приватно земјиште), расчистување на постоечки инсталации и други пречки кои ќе се јават при отпочнувањето на уредувањето на градежното земјиште.

## 3. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ

3.1.Обемот на уредување на градежното земјиште, како и степенот на опремување ќе опфаќа:

Секоја индивидуална и колективна станбена зграда и деловен објект ќе добие пристап на улици, приклучок на водовод и фекална канализација до 1 метар во тротоар од парцелата и улично осветлување.

Трошоците за подготвување на градежното земјиште (фундирање), изместување на постоечки инсталации(водовод,канализација електро и ПТТ) дворно уредување, изградба на потпорни зидови кои се во функција на локацијата, оградни зидови, пристапни патеки, паркиралишта, во склоп на локацијата , дворно зеленило, приклучни такси, изградба на боксови за контејнери, канти за ѓубре, експропријација, паѓаат на товар (целосно) на инвеститорот на објектот.

Со оваа Програма се предвидува приклучување на објектите предвидени со урбанистичкиот план на постоечката или новоизградена мрежа од (улици, фекална канлизација, атмосферска канализација и улично осветлување), а додека

приклучокот на електричната мрежа(трафостаница нисконапонска мрежа и приклучок) и ПТТ мрежа ке го извршат ЕВН ЕСМ и МТ со меѓусебен договор со инвеститорите.

Инвеститори кои имаат склучено договор по претходната Програма а плаќањето не го извршиле во целост(плааќат на рати) ќе им биде намалена вредноста за плаќање на комуналниот надомест согласно со новата Програма а додека оние Инвеститори кои го имаат измирено целиот износ за комунален надомест а не им е обезбеден приклучок согласно Договорот обврските на Ј.П."Штип-Проект" си останувааат согласно со договорот.

### 3.2. Локалитети каде ќе се врши уредување

3.2.1. Индустриска зона "Север" - локалитет до Републичка сообраќајна полиција.

- Парцела број 31 со вкупна површина од 3.540,00 м$^2$, со минимум корисна површина од 1460,00 м$^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа парцела изнесува 2.720.820,00 ден.

- Парцела број 47 со вкупна површина од 1.764,00м$^2$, со минимум корисна површина 780м$^2$, надомест за уредување на градежно земјиште изнесува 1.507.400,00 денари.

- Парцела број 51 со вкупна површина од 4.170,00м$^2$ со минимум корисна површина од 1.600,00м$^2$,надомест за уредување на градежно земјиште изнесува 3.092.100,00 денари.

Овие урбанистички парцели може да се делат на помали делови доколку за тоа има интерес и дозволуваат техничките услови. Доколку со урбанистичка промена се овозможи додела на преостанатите урбанистички парцели, истите ќе бидат предмет на додела согласно оваа Програма.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 15 парцели , водовод и канализација , изградба на трафостаница и електрична подземна кабловска мрежа до улично ормарче и улично осветлување. Секоја локација ќе биде обезбедена со 35 KW во зависност од големината на локацијата.

Уредувањето на индустриска зона "Север" ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

3.2.2. Трговски центар "Сењак 2"

- Парцела број 4 со минимум на корисна површина од 1.200,00 м$^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа парцела изнесува 2.880.000,00 денари.

- Парцела број 5 со минимум на корисна површина од 900 м$^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа парцела изнесува 2.160.000,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 5 парцели и улично осветлување. Уредувањето на трговски центар "Сењак 2" ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

Сењак 1, 2, 3-станбена зона

Една урбанистичка парцела Блок 10, со вкупна корисна површина од 3500,50 м$^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за овие парцели изнесува 8.401.200,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици и тротоари, водовод и канализација, и улично осветлување.

Уредувањето ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

Осум урбанистички парцели за услужни дејности на улица "Борис Крајгер" и тоа 1.18, 1.19, 1.20, 1.21, 1.22, 1.23, 1.24, 1.25 со вкупна предвидена бруто корисна површина од 1350.00 м$^2$, надоместок за уредување на градежно земјиште за овие парцели изнесува 3.240.000,00 денари.

За овие парцели се предвидува целосно уредување.

3.2.3. Населба "Баби "

- работна зона

Четири урбанистички парцели со вкупна корисна површина од 3.120,00 $м^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за овие парцели изнесува 6.333.600,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 4 парцели, водовод и канализација и улично осветлување.Уредувањето на работна зона "Баби 5" ќе биде етапно во зависност од убраните средства од иститe.

Седум урбанистички парцели на ул "Јајце"со вкупна површина од $350м^2$, со вкупен надоместок за уредување на градежно земјиште од 710.500,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици,водовод,фекална канализација и улично осветлување.

- станбена зона

Десет урбанистички парцели кај сокара "АДА" со надоместокот за уредување на градежно земјиште од 272.000,00 денари. по парцела или вкупно 2.720.000,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 10 парцели, водовод и канализација и улично осветлување. Уредувањето на станбена зона "Баби 5" ќе биде етапно во зависност од убраните средства од иститe.

- станбена зона на ул. "11ти Конгрес"

Седум урбанистички парцели со надоместокот за уредување на градежно земјиште од 319.600,00 денари по парцела или вкупно 2.237.200,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 7 парцели , водовод и канализација и улично осветлување.Уредувањето на станбена зона на ул "11ти Конгрес" ќе биде етапно во зависност од убраните средства од иститe.

Девет урбанистички парцели на новопроектирана улица број 6 од населба "Баби 6" и тоа: ур. пар. 5.5; 5.6; 5.7; 5.8; 5.9; 5.10; 5.11; 5.12 и 5.13 со вкупна површина од мин 1530 $м^2$ корисна или 2.448.000,00 денари.

3.2.4. Индустриска зона "Каленица"

За индустриската зона "Каленица" надоместокот за уредување на градежно земјиште за преостанатата недоделена урбанистичка парцела број 5 со површина од 5.234,00 $м^2$ изнесува 180 денари/$м^2$ за површината на парцелата или вкупно 942.120,00 денари.

Уредувањето ќе биде делумно согласно точка 3.5 од Програмата.

3.2.5. Дел од индустриска зона (Кај Стококооп)

- Две урбанистички парцели со вкупна корисна површина од 2.500,00 $м^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за овие парцели изнесува 5.075.000,00 ден.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 2 парцели, водовод, канализација и улично осветлување.

Уредувањето на дел од индустриска зона ќе биде етапно во зависност од убраните средства од иститe.

3.2.6. Работна зона "Балканска"

Мало стопанство 3 урбанистички парцели со вкупно 2830 м2 корисна површина

Цената на уредувњето ќе биде по стварните трошоци.

Обемот на уредување ќе биде делумен со обезбедување на пристапен пат и фекална канализација и ќе се применат процентите согласно точка 5 од Програмата.

3.2.7. Станбена зона "Дузлак"

Шест урбанистички парцели со вкупна корисна површина од 1.020,00 м$^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за овие парцели изнесува 1.632.000,00 ден.

Уредувањето ќе биде делумно согласно точка 3.5 од Програмата.

3.2.8. Бензинска станица "Сењак"

Една урбанистичка парцела со вкупна корисна површина од 2526.00 м$^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа парцела изнесува 6.062.400,00 ден.

3.2.9. Станбена зона "Блок 2000"

Целосно реализација на населба "Блок 2000" и тоа 20 урбанистички парцели со вкупно 5000, 00м$^2$ корисна површина.

Цената по м$^2$ ќе биде по стварните трошоци на уредување и ќе изнесува 2860 денари м$^2$ корисна површина.

За парцелите со броевите од 2001 до 2018 ќе се пресметува комунален надоместок за минимум 200 м$^2$ корисна површина.

За парцелата 2019 ќе се пресметува комунален надоместок за минимум 800 м$^2$ корисна површина.

За парцелата 2020 ќе се пресметува комунален надоместок за минимум 600 м$^2$ корисна површина.

Степенот на уредување ќе се реализира согласно со динамиката на прибирање на средствата (сите средства прибрани за уредување на урбаниот блок во тековната година ке бидат вложени за уредување) а додека целосното уредување ќе се реализира со прибирање на вкупните средства предвидени за комплетно уредување на урбаниот блок.

Доколку уредувањето е со повеќе стварни трошоци од оние кои треба да се добијат со пресметувањето на комуналниот надоместок за соодветната зона, пресметувањето на надоместокот за уредување ќе биде согласно нив.

### 3.3. Доградба и надградба на постојните легално изградени објекти

За доградба и надградба на легално изграден објект со иста намена на просторот како постојниот објект (освен за надградба со поткровни површини), за површина до една половина од постојниот објект*,,и за ново изградени зголемени површини во внатрешноста на објектот (нови галерии, еркери ,излози, испусти...),,*ќе се наплатува 50% од висината на надоместокот од соодветната зона.

За доградба и надгрдба на објект со површина поголема од една половина на постојниот објект ќе се наплатува 100% од висината на надоместокот од соодветната зона.

Кога се врше доградба-надградба на објект со несоодветна намена (деловен врз гаража,станбен врз гаража и слично)комуналниот надоместок ќе се наплатува во целосен износ - 100%од висината на надоместокот од соодветната зона т.е нема да важи став 1 од оваа точка.

Правото на попуст за доградба-надградба ќе се применува само за објекти за кои градежното одобрение е издадено најмалку пред десет години,а во останатите случаи надоместокот ќе се пресметува 100%од соодветната зона.

### 3.4. Изградба на објекти на локација на која се руши легално изграден стар објект

Инвеститорот кој гради нов индивидуален станбен или деловен објект, а на локацијата се руши постоечки објект кој е легално изграден во постојното градско ткиво, пресметувањето на надомстокот за уредување на градежното земјиште ќе се врши на следниот начин:

Ќе се изврши премер на корисната станбена или деловна површина која треба да се руши , постојната површина се одбива од новопредвидената, а за останатата површина се применува точка 3.3 од оваа програма.

Доколку постоечкиот објект е срушен и не може да се изврши премер на неговата инвеститорот треба да приложи поседовен лист од Републичка геодетска управа и тоа само едно ниво намалено за 30% за ѕидови.

Пресметувањето на комуналниот надоместок ќе се врше врз основа на заверена проектната документација која е изработена според условите за градба издадени од одделението за урбанизам и заштита на животна средина или Министерсто за транспорт и врски а согласно ДУП.

Ако површината на новиот објект е иста или помала од постоечкиот објект што ќе се руши, тогаш инвеститорот не плаќа комунален надоместок, а има да се приклучи на постојните комунални приклучоци со веќе одреден капацитет ( водовод, канализација).

Во колку инвеститорот бара да биде приклучен на нов комунален приклучок со зголемен капацитет (поголем капацитет на водовод, или канализација), инвеститорот го плаќа на ЈП реалниот трошок за проектирање и изведување на било кој комунален приклучок.

Во централното градско подрачје при изградба на заеднички и колективни објекти (комбинирани деловни и станбени објекти) со битно зголемување на корисната површина од постојната, према ДУП трошоците за уредувањеке се пресметуваат према реалните трошоци за уредување (нови приклучоци на водовод, канализација ), на улица, тротоар, дворни уредувања и сл.

Доколку има потреба од изградба на нови приклучоци (водовод, фекална канализација) или изместување на инсталации (водовод ,фекална канализација) на постојната локација (за објекти со површина зголемена до мах. 50% од постојната), тие ќе паднат на терет на инвеститорот.

### 3.5 . Изградба на објекти на неуредено земјиште

За доделени објекти на локалитети кои се неуредени ќе се плаќа надомст од 20% од соодветната зона со тоа да корисниците сами ќе го уредат земјиштето и тоа сами ќе го решат пристапот до локацијата и сите потребни доводи од потребните инсталации (вода, канализација, струја, ПТТ приклучоци)во согласност со Програмата за уредување на градежно земјиште.

Во случаите каде што корисниците на изградени објекти имаат вонплански објект и се вклопени во ДУП, а комуналната инфраструктура (водовод, канализација,) ја решиле сами и истата се вклопува во ДУП, трошоците за надоместок ќе бидат намалени за делот кој е веќе вклопен. Ако е потребно инфраструктурата да се преуреди, цената ќе се пресмета по стварните трошоци.

Уплатените средства за комунален надомест во висина од 20% од соодветната зона се средства за направените трошоци за геодетска и урбанистичка документација, проектирање и одржување на постојната инфра-структура.

### 3.6. Пренамена на просторот

Инвеститорот кој врши пренамена на веќе изградениот простор од станбен во деловен ќе доплати надоместок во износ на разликата помеѓу поранешната намена на просторот и пресметковната вредност на новата намена по цена која важи во моментот на пресметката.

За пренамена од јавен,деловен производен во станбен простор,не се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште.

### 3.7. Нерегулирани обврски

Нерегулираните обврски на инвеститорите во уредувањето на градежното земјиште (утврдени разлики во изградената површина, или објекти градени без платен комунален надоместок за уредување на градежното земјиште) ќе се регулираат и наплатат по цени што ќе важат на денот на плаќањето односно на денот на утужувањето.

Нерегулираните обврски ќе се утврдат со извршен премер од страна на одредена комисија од јавното претпријатие за вршење на ваков премер и истите ќе се регулираат со склучување на договор или анекс-договор.

## 4. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОКОЛУ УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ИЗГРАДБАТА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Изворите на средствата за финансирање на активностите околу уредувањето на градежното земјиште, реконструкција и изградба на улици и изградба на комуналната инфраструктура во 2008 година се:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште | 15.023.600,00 |
| | ВКУПНО | 15.023.600,00 |

Во финансирањето на уредувањето на градежното земјиште учествуваат и комуналните органзиции (ЈП "Исар" )во висина од 20% од трошоците за уредување од нивната инсталација, доколку со објектите на инфраструктурата стопанисуваат овие субјекти.

## 5. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО НАСЕЛБИ И ЗОНИ

Просечниот надоместок за уредување на градежно земјиште по еден $м^2$ изградена корисна површина како надоместок за 2008 се утврдува како следува:

| | | I ден/$м^2$ | II ден/$м^2$ | III ден/$м^2$ | IV ден/$м^2$ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Индивидуални станбени објекти (мин.170$м^2$), Колективни станбени објекти | 2200 | 1880 | 1600 | 1500 |
| 2. | Деловни објекти | 2880 | 2400 | 2030 | 1800 |

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за нас."Блок 85/90" изнесува:

- Индивидуални и колективни станбени згради: ....................................... 2.200,00 ден/$м^2$
- Деловни објекти: ........................................................................... 2.880,00 ден/$м^2$

Во населба "Баби 5" и "Баби 6", за самостојни станбени објекти 1600 ден/$м^2$ (за минимум 170 $м^2$) и лепени објекти 1600 ден/$м^2$ (за минимум 130 $м^2$) корисна површина.

За објекти за инфраструктура се наплаќа надомест од 100 % по $м^2$ корисна површина од соодветната градежна зона.

За индустриската зона "Каленица" надоместкот за преостанатата недоделена урбанистичка парцела бр. 5 со површина од 5.234,00 $м^2$ изнесува 180 денари/$м^2$ за површината на парцелата. Предвидените средства се за веќе направените трошоци за урбанистичка и техничка документација и за веќе изградената магистрална инфраструктура. Уредувањето на градежното земјиште го врши инвеститорот.

За доделени локации во индустриската зона "Север" надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 1.935,00 ден./$м^2$ корисна површина.

За доделени локации во Станбена зона "Блок 2000" надоместокот за уредување на градежно земјиште изнесува 2860 денари м$^2$ корисна површина.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште во урбанизираните селски населби изнесува 10% од IV зона, а тоа се трошоци за изработка на урбанистичката и техничката документација.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште надвор од опфатот на ГУП ќе се уплатува 10% од надоместокот кој важи за IV зона. Предвидените средства се за веќе направените трошоци за техничката документација.

Со цел да се легализираат огромниот број нелегално изградени објекти се дава можност корисниците да го платат комуналниот надоместок за уредување на градежно земјиште етапно, а во зависност од тоа и уредувањето да биде етапно,во согласност со висината на уплатениот дел. Во случај на делумно уредување ќе се применат следниве проценти за наплата на надоместок за уредување на градежно земјиште спрема соодветните зони и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на улици и тротоари | 60% |
| 2. | Изградба на водовод | 9% |
| 3. | Изградба на фекална канализација | 14% |
| 4. | Изградба на атмосферска канализација | 11% |
| 5. | Улично осветлување | 6% |
| | ВКУПНО | 100% |

Корисниците на локациите во согласност со програмата за уредување на градежното земјиште ќе извршат уредување на земјиштето.

Кога висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно трошковникот е до 30.000,00 денари тогаш корисникот го плаќа целиот износ веднаш.

Кога висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно трошковникот е од 30.000,00 денари до 100.000,00 денари тогаш 50% од овој износ се плаќа веднаш,а остатокот на шест (6) еднакви рати.

Кога висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно трошковникот е над 100.000,00 денари, тогаш 50% од овој износ корисникот треба да го плати веднаш, а остатокот на дванаесет (12) рати.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува најмногу на 12 месечни рати и учество од 50% од вкупниот износ .

Доколку инвеститерот користи некоја од погореспоменатите можности за плаќање на рати,како инструмент за обезбедување на плаќањето на ратите ќе се врши нотарска заверка на секој договор,преддоговор или анекс договор со што истите добиваат својство на извршни исправи.

За деловни објекти кои се наоѓаат во постоечките индустриски локалитети (поранешна ПИ "Македонка", МК "Астибо" и "Метална") за кои како инвеститор се јавува правно лице кое со изградбата на производен капацитет ќе овозможи нови вработувања, наплатата на комуналниот надоместок за уредување ќе се врши на следниот начин:

1. до 10 нови вработувања - 30% од вредноста
2. од 10 до 50 нови вработувања - 25% од вредноста
3. од 50 до 200 нови вработувања - 20% од вредноста
4. над 200 нови вработувања - 15% од вреднсота за цената во соодветната зона.

Доколку се јави потреба од дополнителното доуредување на инфраструктурата ќе биде на товар на инвеститорот.

Инвеститорот кој ќе ги користи напред наведените ослободувања е должен да приложи нотарски заверена изјава дека:

1. ќе го оствари наведениот број вработувања со пуштање на објектот во функција
2. да го одржи тој број вработени најмалку 5 години.

Изјавата на инвеститорот од претходниот став е составен дел на Договорот за платен комунален надоместок.

За следењето на бројот на вработувањата поради што инвеститорот ги користи наведените ослободувања истиот е должен да достави потврда од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на почетокот на фукциони-рањето на објектот и на секои 6 месеци во рок од 5 години.

Доколку инвеститорот не ги исполнува условите од став 17-21, истиот е должен да го плати комуналниот надоместок во целост.

Ослободувањата на комуналниот надоместок се однесува само за новопредвидени објекти за градба, а не за доградби и надградби од точка 3.3. и 3.4. од Програмата и за објекти кои се изградени без потребната градежна документација.

## 6. НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА КОРИСНАТА ПОВРШИНА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со следните коефициенти:

6.1. Станбени објекти

| | |
|---|---|
| - станбени простории | 1.0 |
| - станбени простории во поткровје со висина до 2.50 м | 0.1 |
| - логија, балкон | 0.2 |
| - Сутерен | 1.0 |
| - Галерија со висина над 4.50 | 1.4 |
| - помошни простории, остава за гориво, котлара, трафостаница во објект, визба<br>- Подрум се пресметува кога 2/3 на висината бруто е влезена во земја. | 0.3 |
| - гаражи (максимум 50% од помошните простории во објекот) | 0.1 |
| - Гаража во Приземје | 1.0 |

6.2.Деловни, јавни и производни објекти

| | |
|---|---|
| - простории<br>- магацин во приземје во функција на деловен објект(дуќан) | 1.0<br>1.0 |
| - Сутерен | 1.0 |
| - Галерија со висина над 4.50 | 1.4 |
| - магацини, простории во визба | 0.4 |
| - гаражи (максимум 30% од помошните простории во објекот) | 0.1 |
| - Гаража во Приземје | 1.0 |
| - Настрешници | 0.25 |
| - Резервоари | 0.75 |
| - Резервоари ТНГ | 1.0 |
| - Трафостаници | 1.0 |
| - Паркинзи | 0.1 |

6.3.Други објекти

| | |
|---|---|
| - катна гаража | 0.2 |
| - спортски покриени објекти | 0.5 |
| - отворени пазаришта | 0.2 од површината |

Дадената висина во табелата за поткровје од 2.50 м е максимална висина на поткровниот простор во средишниот дел на објектот. Во согласност со член 130 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објектите ("Службен весник на РМ", број 69/99 и број102/00), поткровниот простор се јавува кај коси покриви на објектот, во зависност од урбанистичко-архитектонските услови на планската документација. Надѕидот на фасадните ѕидови (освен на калканскиот ѕид) на поткровниот простор изнесува максимум 1.50м. рачунато од подот до почетокот на косината. Во поткровниот простор може да се обликува само една функционална целина (едно ниво) соодветна на објектот. Кај објектите со коси покриви, кота на венец претставува котата на горниот раб на заштитна стреа на основната кровна конструкција.

Согласно Правилникот ("Службен весник на РМ", број 69/99),не се применува коефициентот за поткровје за деловни објекти.

На деловите во поткровниот простор повисок од 2.50м. ќе се примени коефициент 1.00.

Начинот на пресметувањето ќе се изврши со множење на новата корисна површина со цена од соодветната зона.

Во корисната површина не се пресметува површината на ѕидови и други конструктивни елементи, инсталациони канали, окна за лифтови, скали, тремови, ниши на врати, настрешници, базени, отворени тераси и отворени спортски игралишта.

## 7. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И СРЕДСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Средствата во висина од 15.023.600,00 ден. ќе се користат за изградба на комунални објекти во градот, решавање на имотно правните односи, за изготвување на урбанистичка и инвестиционо-техничка документација.

**7.1.Изработување на урбанистичка документација**.

- Според Програмата Општината ја финансира изработката на урбанистички планови и одредени програмски задачии (и тоа 60% од буџетот) и 40% од износот за програма за изработка на урбанистичка документација, од средствата од уредувње на градежното земјиште

**вкупно: 1.094.000,00 денари**

**7.2. Изработување на инвестиционо - техничка документација**

7.2.1 Главен проект за пристапна улица на археолошки локалитет "Исар"
7.2.2. Главен проект за крстосница на ул."Сутјеска" и "Сремски фронт"
7.2.3. Главен проект за бул. "Железничка" од кружен тек
до крстосница М5 и М6 (Три чешми).л=1.5км

**вкупно: 400.000,00 денари**

**7.3. Регулирање на имотноправните односи------------------300.000,00 денари**

**7.4. Поголеми активности поврзани со уредување на градежно земјиште**

| | | |
|---|---|---|
| | Индустриска зона Север (пристапни улици и електрично напојување) | 1.500.000,00 |
| | Трговски центар "Сењак2" (електрично напојување) | 550.000,00 |
| | Дел од индустриска зона- Стококооп (пристап и паркиралишта) | 800.000,00 |
| | Дузлак (водовод, канализација) | 400.000,00 |
| | Бензинска помпа Сењак (трафостаница) | 520.000,00 |
| | ТУЦ "Туш" во нас "Автокоманда"(водовод,електронапојување, канализација пристап) | 1.000.000,00 |
| | "Блок 2000" (пристапни улици, водовод, канализација) | 3.000.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | Уредување на паркинг кај Завод музеј | 500.000,00 |
| | Изградба на тротоари ул "АСНОМ",Сремски Фронт","Борис Крајгер" | 500.000,00 |
| | Учество по иницијатива на граѓани<br>- Изгрдба на потпорен зид ул "Гоце Делчев"втор дел<br>- бетонирање на тротоари<br>- пристапни патеки<br>- потпорни ѕидови за пристапни патеки<br>- бетонирање на одводни канали<br>- други помали интервенции | 2.500.000,00 |
| | **Вкупно** | **11.270.000,00** |

**Вкупно: 7.1,7.2,7.3,7.4 13.064.000,00 денари**

**7.5. Трошоци на работење на**
**Ј.П."Штип-Проект" 15% 1.959.600,00 денари**
**ВКУПНО: 15.023.600,00 денари**

## 8. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Уредувањето на градежното земјиште претставува континуиран процес кој се одвива во повеќе години и создава процеси и можности за иден развој на градот, поради што повеќе фазно со годишните програми се разрешуваат одредени потреби од уредувањето на градежното земјиште.

Во смисла на погоре кажаното, од причини што финансирањето се врши од познати и непознати инвеститори, динамиката на извршувањето на работите во уредувањето на градежното земјиште ќе зависи од:

- приливот на средствата преку надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- благовремено распишување на конкурси за доделување на земјиштето;
- ЈП "Штип-проект" со цел превземањето на мерки за регулирање на наплата на неплатениот надоместок за уредување на градежно земјиште за објекти со поголема изградена површина од онаа што е во проектната документација, разликата за комунален надоместок ќе ја регулираат со склучување на Анекс-договор со инвеститорите.
- По завршувањето на уредувањето на градежното земјиште комисиски да се предаде комуналната инфрастуктура на надлежните институции за одржување.

8.1. Од вкупно собраните средства за уредување на градежното земјиште 2% ќе се наменат за реконструкцијата на улично осветлување во Општината Штип.

## 9. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма се грижи Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште "Штип-проект" - Штип.

Доколку во текот на престојната 2008 година, на име комунален надоместок за уредување на градежно земјиште се уберат повеќе средства од предвидените во оваа програма,истата ќе се измени и дополни со што ќе се предвиде наменско трошење на средствата.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип", а ќе се применува до донесувањето на Програмата за уредување на градежното земјиште за 2009 година.

| | |
|---|---|
| Број 0701-743/1<br>14 март 2008 година<br>Штип | Претседател<br>на Советот на Општината Штип<br>Драги Илиев, с. р. |

75.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## РЕШЕНИЕ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ПОТРОШЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА НОВА ГОДИНА И БОЖИК 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за потрошените средства за Нова Година и Божик 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 08-744/2<br>21 март 2008 година<br>Штип | Градоначалник<br>на Општината Штип,<br>Панде Сарев, с. р. |

76.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 14 март 2008 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ПОТРОШЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА НОВА ГОДИНА И БОЖИК 2008 ГОДИНА

I

Се усвојува Информацијата за потрошените средства за Нова Година и Божик 2008 година со следниот **заклучок**:

- Да се формира Координативно тело за изготвување и реализација на Програмата за новогодишните и божикните празници.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 0701-744/1<br>14 март 2008 година<br>Ш т и п | Претседател<br>на Советот на Општината Штип,<br>Драги Илиев, с. р. |

77.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ОД ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА ЈАВНИТЕ ГРАДСКИ ТОАЛЕТИ

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата од ЈП "Исар"-Штип за јавните градски тоалети.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 08-745/2<br>21 март 2008 година<br>Ш т и п | Градоначалник<br>на Општината Штип,<br>Панде Сарев, с. р. |

78.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 14 март 2008 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ОД ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА ЈАВНИТЕ ГРАДСКИ ТОАЛЕТИ

I

Се усвојува Информацијата од ЈП "Исар"-Штип за јавните градски тоалети со следниот **заклучок**:

- Да се распише лицитација за стопанисување со објектот градски тоалети.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-745/1
14 март 2008 година
Штип

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

79.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА ПОВЕЛБА ЗА РАМНОПРАВНОСТ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ВО ЛОКАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Европската повелба за рамноправност на мажите и жените во локалните заедници.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-746/2
21 март 2008 година
Штип

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

80.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 14 март 2008 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА ПОВЕЛБА ЗА РАМНОПРАВНОСТ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ВО ЛОКАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

I

Се усвојува Европската повелба за рамноправност на мажите и жените во локалните заедници.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-746/1
14 март 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

---

С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 56. | Решение за објавување на Завршната сметка на Буџетот на Општината Штип за 2007 година | 81/3 |
| 57. | Завршна сметка на Буџетот на Општината Штип за 2007 година | 81/3 |
| 58. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на Општината Штип за 2007 година | 95/3 |
| 59. | Заклучок за усвојување на Годишниот извештај на Општината Штип за 2007 година | 95/3 |
| 60. | Решение за објавување на Заклучокот за донесување на Локален акционен план за превенција на ХИВ/СИДА кај младите под најголем ризик во градот Штип за 2008 година | 96/3 |
| 61. | Заклучок за донесување на Локален акционен план за превенција на ХИВ/СИДА кај младите под најголем ризик во градот Штип за 2008 година | 96/3 |
| 62. | План за имплементација 2008 година за превенција на ХИВ/СИДА кај младите под најголем ризик во град Штип | 97/3 |
| 63. | Решение за објавување на Одлуката за продавање на основни средства патнички возила во сопственост на Општината Штип | 104/3 |
| 64. | Одлука за продавање на основни средства патнички возила во сопственост на Општината Штип | 104/3 |

| | | |
|---|---|---|
| 65. | Решение за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба "Баби" УЕ 47 - Општина Штип | 106/3 |
| 66. | Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба "Баби" УЕ 47 - Општина Штип | 106/3 |
| 67. | Решение за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства | 107/3 |
| 68. | Одлука за доделување на финансиски средства | 107/3 |
| 69. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП "Исар"-Штип за период 01.01. до 31.12.2007 година | 108/3 |
| 70. | Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП "Исар"-Штип за период 01.01. до 31.12.2007 година | 109/3 |
| 71. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за тековното работење на ЈП "Штип-проект"-Штип за период јануари-декември 2007 година | 109/3 |
| 72. | Заклучок за усвојување на Извештајот за тековното работење на ЈП "Штип-проект"-Штип за период јануари-декември 2007 година | 110/3 |
| 73. | Решение за објавување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2008 година | 110/3 |
| 74. | Програма за уредување на градежно земјиште за 2008 година | 111/3 |
| 75. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за потрошените средства за Нова Година и Божик 2008 година | 122/3 |
| 76. | Заклучок за усвојување на Информацијата за потрошените средства за Нова Година и Божик 2008 година | 122/3 |
| 77. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата од ЈП "Исар"-Штип за јавните градски тоалети | 123/3 |
| 78. | Заклучок за усвојување на Информацијата од ЈП "Исар"-Штип за јавните градски тоалети | 123/3 |
| 79. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Европската повелба за рамноправност на мажите и жените во локалните заедници | 124/3 |
| 80. | Заклучок за усвојување на Европската повелба за рамноправност на мажите и жените во локалните заедници | 124/3 |